Пиови 09.03.2023 К. Велиќ Тања П – одгово со јавност

# Fw: Иницијатива / Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

From: Завод и Музеј - Охрид (zimohrid@yahoo.com)

To:

Date: Thursday, March 9, 2023, 10:42 AM GMT+1

Република Северна Македонија, Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua | 09.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia.Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 315/1 | | |

----- Forwarded Message -----
**From:** Ohrid SOS <ohridsos@gmail.com>
**To:** Zavod Muzej <zimohrid@yahoo.com>; "contact@uzkn.gov.mk" <contact@uzkn.gov.mk>
**Sent:** Thursday, March 9, 2023 at 10:08:19 AM GMT+1
**Subject:** Иницијатива / Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на член 4, член 12 и член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и согласно Законот за заштита на културното наследство, од НУ Завод за заштита на спомениците и музеј - Охрид и УЗКН ги бараме следните информации од јавен карактер:

Во врска со ископ на улица Илинденска во старуот дел на Охрид, веднаш до ранохистријанските мозаици „Манчевци" на КП 15953 и КП 15927 КО Охрид 3 (слика во прилог):
1. Дали е изготвено Решение за издавање заштитно-конзерваторски услови за изградба на нов и објект и доколку тоа е случај, бараме истиот да ни се достави.
2. Дали е изготвено Мислење од НУ Завод и Музеј Охрид, за истата локација и објект? Да ни се достави, доколку го има.
3. Дали се извршени археолошки истражувања на оваа катастарска парцела, пред да почнат градежните работи? Доколку такви активности се случиле, бараме да ни се достави извештај.
4. Со оглед дека земјените работи се започнати, дали е извршен стручен надзор и доколку тоа е случај, бараме да ни се достави извештајот.
5. Доколку е издадено, да ни се достави Конзерваторско одобрение за планираната градба.
6. Да ни се достави проектната документација за новата градба на КП 15953 и КП 15927 КО Охрид 3.
7. Дали новиот објект (доколку ги поминал сите погоре спомнати фази и ги добил потребните документи) е во склад со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион?
8. Дали за планираната градба е добиено мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и доколку тоа е случај, бараме мислењето да ни се достави.

Ве молиме, бараната информација да ни биде доставена по електронски пат на истава е-пошта во најбрз можен рок, а не подоцна од законски утврдениот.

Однапред благодариме.

Овластено лице:

**Доколку градбата не ја поминала постапката во вашите институции, сметајте го овој допис како иницијатива за итен надзор.**

**Со почит,**



НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохридЖsахоо.цом;* ***жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090***

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 03-315/2
16.03.2023
Охрид/Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива**
**Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВЕСКА:** Иницијатива / Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (наш бр.03-315/1 од 09.03.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесена Иницијатива / Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4, 12 и 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ohrid SOS преку застапник [redacted], од 09.03.2023 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-315/1 од 09.03.2023 година, а во врска со ископ на улица Илинденска во стариот дел на Охрид, веднаш до ранохристијанските мозаици Манчевци на КП 15953 и КП 15927 КО Охрид 3, за тоа цитирам:

1. Дали е изготвено Решение за издавање заштитно – конзерваторски услови за изградба на нов објект и доколку тоа е случај, бараме истиот да ни се достави.
2. Дали е изготвено Мислење од НУ Завод и Музеј – Охрид, за истата локација и објект? Да ни се достави, доколку го има.
3. Дали се извршени археолошки истражувања на оваа катастарска парцела, пред да почнат градежните работи? Доколку такви активности се случиле, бараме да ни се достави извештај.
4. Со оглед дека земјените работи се започнати, дали е извршен стручен надзор и доколку тоа е случај, бараме да ни се достави извештајот.
5. Доколку е издадено, да ни се достави Конзерваторско одобрение за планираната градба.
6. Да ни се достави проектната документација за новата градба на КП 15953 и КП 15927 КО Охрид 3.
7. Дали новиот објект (доколку ги поминал сите погоре спомнати фази и ги добил потребните документи) е во склад со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029), Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион?
8. Дали за планираната градба е добиено мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и доколку тоа е случај, бараме мислењето да ни се достави.

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

1. Согласно член 74 став 1 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16),... ****Кога не е донесен урбанистички план, односно општ акт според закон или во планот нема вградено заштитно-конзерваторски основи, условите за изградба на објект или за преземање на мерки на непосредна заштита со кој непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитеното добро односно заштитеното подрачје, задолжително содржат заштитно – конзерваторски услови.****

   За урбанизција на овој простор изработени се **Заштитно – конзерваторски основи за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 15941 и 15940 КО Охрид бр. 13-58/2 од 25.01.2010 година од страна на НУ Завод и Музеј - Охрид** и истите се одобрени со **Решение за одобрување на Заштитно – конзерваторските основи за културното наследство во границите на опфатот на Локалната урбанистичка планска документација за КП 15941 и 15940 КО Охрид бр. 08-234/2 од 03.02.2010 година од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје**.

   Од тие причини не се побарани Заштитно конзерваторски услови и не е изработено Решение за издавање на Заштитно – конзерваторски услови за изградба на нов објект.

   Анализирајќи го предметниот простор можеше да се забележи постоење на локации на овој простор уште на урбанистичките карти од 1936 година. Во минатото на предметната локација постоела куќа со висина од П+2 ката која всушност претставувала еден дел од двокуќа или братска куќа со соседниот објект на КП 15941, односно соседниот објект од јужната страна. Меѓутоа, објектот бил срушен, а како последица на неговото рушење срушен е и вториот кат од соседниот објект. Од тогаш на предметната локација не постои објект, просторот беше запуштен и се гледаа само разрушениот калкански сверен ѕид од соседниот објект на јужната страна.

   Прилог: **Решение за одобрување на Заштитно – конзерваторските основи за културното наследство во границите на опфатот на Локалната урбанистичка планска документација за КП 15941 и 15940 КО Охрид бр. 08-234/2 од 03.02.2010 година од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје, Урбанистичка подлога од 1936 година.**

2. Со оглед на тоа што не беше потребно изготвување на Решение за заштитно – конзерваторски услови не е изготвено ни Мислење од НУ Завод и Музеј – Охрид за истата локација и објект.

   За изградба на станбен објект на ул. Илинденска бб во Охрид, КП 15940, нов број КП 15927 КО Охрид 3 изработен е **Идеен проект – градба А1 домување во семејна куќа изработен од РЕМИС ДООЕЛ – Охрид со тех. Бр. 03-171/11** за кој НУ Завод и Музеј – Охрид изработил **Извештај за извршена стручна**

**контрола на проектот бр. 13-1212/2 од 15.09.2011 година** врз основа на кои издадено е **Претходно заштитно конзерваторско одобрение бр. УП 08-926 од 22.09.2011 година од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје.**

За изградба на индивидуална станбена куќа на ул. Илинденска бр./, Охрид, КП 15953 (дел) и 15927 (дел), КО Охрид 3 изработен е **Основен проект од страна на ДООЕЛ РЕМИС – Охрид со тех. Бр. 03-180/11 од 09. 2011 година** за кој НУ Завод и Музеј – Охрид изработил **Извештај за извршена стручна контрола бр. 13-1270/2 од 27.09.2011 година**, а Управата за заштита на културно наследство – Скопје издала **Конзерваторско одобрение УП бр. 08-1005 од 03.10.2011 година.**

Министерството за транспорт и врски на РМ издало **Одобрение за градење бр. 20 Уп – 1143/6 од 03.01.2013 година** со правосилност на истото од **06.05.2013 година.**

После добивањето на Одобрението за градење локацијата е оградена со метални тараби и поставена е информативна табла со наведено одобрение за градење, инвеститор и надзор со што е пријавен почеток на градежните работи.

**Прилог: Претходно заштитно конзерваторско одобрение бр. УП 08-926 од 22.09.2011 година од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје, Конзерваторско одобрение УП бр. 08-1005 од 03.10.2011 година, Одобрение за градење бр. 20 Уп – 1143/6 од 03.01.2013 година** со правосилност на истото од **06.05.2013 година, фотографии.**

3. Во тој период не се вршеа претходни археолошки истражувања пред отпочнување на градежните работи. Тоа не е наведено ни во издаденото Конзерваторско одобрение. После оградувањето на локацијата извршено е расчистување на теренот од коров и трња. Со оглед на тоа што во тој период не се вршени претходни археолошки истражувања, истите се вршат во овој период. После доставеното известување дека **се продолжува со работа на објектот на ул. Илинденска бб на КП 15927 и КП 15953/2 КО Охрид 3 од страна на Медо – Мак ДОО Скопје (фирма која е припоена на МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ дооел – Скопје на која е издадено Одобрението за градење) бр.0302/11 од 10.02.2023 година (наш бр. 03-235/1 од 16.02.2023 година),** побарана е дозвола за вршење на археолошки истражувања од Управата за заштита на културно наследство – Скопје. По добивањето на **Дозволата за археолошки истражувања УП бр. 08-149 од 01.03.2023 година од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје**, отпочнато е со истите. Археолошките истражувања се во тек, а Извештај од истите ќе биде изработен после нивното завршување.

   **Прилог: Дозвола за археолошки истражувања УП бр. 08-149 од 01.03.2023 година издадена од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје.**

4. Замјените работи не се започнати, истите ќе започнат после завршувањето со археолошките истражувања и после изготвувањето на Извештајот од изведените археолошки истражувања и смерниците кои ќе ги наведат археолозите за понатамошниот процес на реализација на градбата.

5. Конзерваторско одобрение за планираната градба е издадено - **Конзерваторско одобрение УП бр. 08-1005 од 03.10.2011 година** издадено од страна на Управата за заштита на културно наследство – Скопје.

6. Проектната документација за новата градба на КП 15953 и КП 15927 КО Охрид 3 не е можно да се достави по електронски пат. Истата се наоѓа во просториите на НУ Завод и Музеј – Охрид и можете да извршите увид секој работен ден од 09 – 15 часот.

7. Новиот објект е во склад со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 -2029 ), Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

8. За планираната градба не е добиено мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион бидејќи во тој период горенаведената Конисија не беше формирана и не даваше мислења.

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

---------------------------------

в.д. Директор,

Катерина Велковска

---------------------------------

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Бр. 08-234/2
03.02. 2010 год.
Скопје

Завод и Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. У-15/10

WWW.UZKN.GOV.MK

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

| Примено | 05.02.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 58/4 | | |

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/05) и член 71 став 6 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04 и бр.115/07), по барање на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, донесе

# РЕШЕНИЕ

за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи за културното наследство во границите на опфатот на Локалната урбанистичка планска документација за КП 15941 и 15940, КО Охрид

1. **Се одобруваат** Заштитно-конзерваторските основи за културното наследство во границите на опфатот на Локалната урбанистичка планска документација за КП 15941 и 15940, КО Охрид (бр.13-58/2 од 25.01.2010 год.), изработени од надлежната установа за заштита на културното наследство, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид поднесе барање за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи за културното наследство во границите на опфатот на Локалната урбанистичка планска документација за КП 15941 и 15940, КО Охрид (бр.03-58/3 од 25.01.2010 год.).

По увидот во поднесената документација е утврдено дека барањето за одобрување на заштитно-конзерваторските основи е основано. Основите се изработени и ги содржат потребните податоци во согласност со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, а во врска со член 71 став 6 од Законот за заштита на културното наследство.

Согласно наведеното е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се изјави жалба до Министерството за култура, во рок од 15 дена од приемот на решението, преку Управата за заштита на културното наследство.

ДИРЕКТОР,
*Паско Кузман*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ

Изработил: м-р С.Герасимова-Матеска
Одобрил: д-р Ј.Тричковска

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Бр. УП 08-926
22.09.2011 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Примено 29-09-2011
| Орган.един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 13 | 1212/4 | | |

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура, во согласност со член 75 став 1 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04 и 115/07), по барање на „МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ" ДООЕЛ - Скопје, поднесено преку НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, издава

## ПРЕТХОДНО ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКО ОДОБРЕНИЕ

по идеен проект за изградба на станбен објект
на ул „Илинденска" бб во Охрид, КП 15940, нов број КП 15927, КО Охрид 3

1. На „МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ" ДООЕЛ - Скопје **се издава претходно заштитно-конзерваторско одобрение** за изградба на станбен објект на ул. „Илинденска" бб во Охрид, КП 15940, нов број КП 15927, КО Охрид 3 според „Идеен проект – градба: А1 домување во семејна куќа" изработен од „РЕМИС" ДООЕЛ – Охрид, тех. бр. 03-171/11;
2. Врз основа на ова одобрение **може да продолжи постапката**;
3. Со основниот проект да се достави копија од катастарски план според новата нумерација во Охрид;
4. Стреата на објектот да не навлегува во уличниот коридор, вон регулационата линија;
5. Основниот проект комплетиран според член 87 од Законот за заштита на културното наследство да се достави до Управата;

### О б р а з л о ж е н и е

До Управата за заштита на културното наследство, „МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ" ДООЕЛ - Скопје преку НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, поднесе барање за издавање претходно заштитно-конзерваторско одобрение за изградба на станбен објект на ул. „Илинденска" бб во Охрид, КП 15940, нов број КП 15927, КО Охрид 3.

Кон барањето беше доставен „„Идеен проект – градба: А1 домување во семејна куќа" изработен од „РЕМИС" ДООЕЛ – Охрид, тех. бр. 03-171/11, кон кој беше приложен позитивен Извештај за извршена стручна контрола на проектот од НУ

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, акт бр. 13-1212/2 од 15.09.2011 год.

Според Извештајот, објектот се предвудува на терен со голем пад што условува појава на сутерен во однос на точката на влез во парцелата, која е референтна точка од која се мери висината според ЛУПД.

Управата за заштита на културното наследство по разгледувањето на барањето и приложената проектна документација утврди дека доставениот идеен проект ги исполнува заштитно-конзерваторските услови поради што одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**Мерките на непосредна заштита може да се изведуваат само врз основа на конзерваторско одобрение.**

ДИРЕКТОР,

***Паско Кузман***

Република Македонија * Министерство за култура * Управа за заштита на културното наследство * Скопје

изработил: Д. Цветановски

проверил: М. Димовска Чоловиќ

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

УП Бр. 08-1005
03.10.2011 год.
Скопје

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура, врз основа на член 87 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04 и 115/07) по барање на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид (03-1270/3 од 27.09.2011 год) а во врска со барањето на инвеститорот МАК „ФИНАЛ ИНВЕСТ"дооел – Скопје издава

## КОНЗЕРВАТОРСКО ОДОБРЕНИЕ

**за изградба на индивидуална станбена куќа**
**на ул. „Илинденска" бр./, Охрид, КП 15953 (дел) и 15927 (дел), КО Охрид 3**

1. На инвеститорот МАК „ФИНАЛ ИНВЕСТ" дооел – Скопје **се издава Конзерваторско одобрение** за изградба на индивидуална станбена куќа на ул. „Илинденска" бр./, Охрид, КП 15953 (дел) и 15927 (дел), КО Охрид 3, според Основен проект за изградба на индивидуална станбена куќа на ул. „Илинденска" бр./, Охрид, КП 15953 (дел) и 15927 (дел), КО Охрид 3, изготвен од ДООЕЛ „РЕМИС" - Охрид, (тех.бр. 03-180/11 од 09. 2011 год.) ;
2. Работите од ст. 1 од диспозитивот на ова одобрение да се завршат до крајот на 2012 година, во рамките на обезбедените средства;
3. Врз основа на ова одобрение може да се издаде **одобрение во согласност со Законот за градење;**
4. Работите да се изведуваат под конзерваторски надзор на овластен конзерватор назначен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид;
5. За точниот термин на отпочнување на работите да се извести Управата за заштита на културното наследство и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

### О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот МАК „ФИНАЛ ИНВЕСТ" дооел – Скопје поднесе барање преку НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид за издавање на конзерваторско одобрение за изградба на индивидуална станбена куќа на ул. „Илинденска" бр./, Охрид, КП 15953 (дел) и 15927 (дел), КО Охрид 3.

Кон барањето подносителите приложија докази дека ги исполнуваат потребните услови за добивање на конзерваторско одобрение, предвидени во член 87 од Законот за заштита на културното наследство, и тоа:

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

1 Основен проект за изградба на индивидуална станбена куќа на ул. „Илинденска“ бр./, Охрид, КП 15953 (дел) и 15927 (дел), КО Охрид 3, изготвен од ДООЕЛ „РЕМИС“ - Охрид, (тех.бр. 03-180/11 од 09. 2011 год.) ;

2. Извештај од извршена стручна контрола на Основниот проект од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид (бр. 13-1270/2 од 27.09.2011 год.);

3. Потврда за обезбедени финансиски средства : Изјава од инвеститорот МАК „ФИНАЛ ИНВЕСТ“ дооел – Скопје заверена на нотар Ана Петровска, Скопје, УЗП бр. 2251/11 од 05.10.2011 год.

По проучувањето на приложената документација кон барањето, Управата за заштита на културното наследство констатира дека барањето е основано и се исполнети условите во смисла на чл. 87 од Законот за заштита на културното наследство.

По оценка на Управата проектното решение е во согласност со физичката состојба и вредностите на заштитеното добро, па работите може да се изведат според приложениот Основен проект.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одобрението.

**Упатство за правно средство:** Против ова одобрение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку Управата за заштита на културното наследство до Министерството за култура.

ДИРЕКТОР,

*Паско Кузман*

Изготвил: М. Димовска Чоловиќ

д-но:

- имателот
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид
- досие
- архива
- Одделение за инспекциски надзор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
И ВРСКИ
Бр. 20 Уп.- 1143/6
03. 01. 2013 год.

С К О П Ј Е

ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ
Е ПРАВОСИЛНО
06.05.2013 година
Раководител

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на инвеститорот МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ Скопје ул. Димитрие Чуповски бр.6-1/3, за издавање на одобрение за градење на индивидуална станбена зграда во Охрид на ул.Илинденска 66 на кп. 15927/1 и кп.15953/2 КО Охрид 3, во заштитена споменична целина, врз основа на член 58, став (1), од Законот за градење ("Сл. весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11 , 54/11, 13/12 и 144/12 ), а во врска со член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), го издава следното

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На инвеститорот, МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ Скопје ул. Димитрие Чуповски бр.6-1/3, му се одобрува градба на индивидуална станбена зграда во Охрид на ул. Илинденска 66 на кп. 15927/1 и кп.15953/2 , КО Охрид 3.
Одобрението за градење се издава за целата градба. Инвеститорот може да ја започне изградбата откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две (2) години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење. Доколку градбата отпочне да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Се задолжува инвеститорот по завршувањето на градбата, да побара од овој орган да му издаде одобрение за употреба на истата.

Инвеститорот е должен да ја гради градбата во се според приложениот основен проект. Во случај на измени во основниот проект, инвеститорот е должен веднаш да поднесе барање со документација за истите до овој орган.

Инвеститорот и изведувачот, како и надзорот над изведувањето на работите се должни во текот на градбата да постапуваат по одредбите на Законот за градење, позитивните прописи кои се однесуваат на изградбата, условите дадени во одобрението за градење и условите дадени во одделните согласности и решенија.

Пред започнувањето на изградбата инвеститорот е должен писмено да го пријави започнувањето на изградбата до надлежниот орган, градежната инспекција и инспекција на трудот, а во известувањето да ги назначи изведувачот и правното лице за вршење надзор со определени надзорни инженери кои ги исполнуваат условите за вршење на работите согласно со закон. Доколку во текот на градењето се промени изведувачот или правното лице за вршење надзор, односно надзорните инженери, инвеститорот е должен во рок од седум дена од настанатата промена да го извести надлежниот орган за настанатата промена.

Се задолжува инвеститорот пред завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба, да обезбеди приклучок на електроенергетска мрежа согласно условите дадени во Решението за електроенергетска согласност.

Се задолжува инвеститорот пред завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба да го исполни член 7 од договорот со број 03-96/2 од 23.02.2012 год. склучен помеѓу инвеститорот и ЈП Билјанини Извори Охрид, односно се задолжува инвеститорот пред завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба да достави доказ за трајно решавање на предвиденото паркирање на возилата.

## О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот МАК ФИНАЛ ИНВЕСТ Скопје ул. Димитрие Чуповски бр.6-1/3, поднесе барање за издавање на одобрение за градење на индивидуална станбена зграда во Охрид на ул. Илинденска бб на кп. 15927/1 и кп.15953/2 КО Охрид 3.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Доказ за решени имотно правни работи: Имотен лист бр. 377 за КП бр. 15927 и 15953, КО "Охрид 3" заведен под бр. 1105-19677/2012 на 20.09.2012 год., издаден од Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за кататстар на недвижности Охрид.
2. Извод од Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела 1 во УЗ 1 УБ 1.2 КО Охрид, издаден од Општина Охрид под бр.10-3170/2 од 25.09.2012 год.

3. Основен проект за индивидуална станбена зграда со фази: Архитектура, Статика-Градежни конструкцуи, ПП Заштита, Сообраќајно решение, Електрични инсталации, Водовод и канализација книги четири (4) со техн. бр. 03-169/11 од 02. 2011 год. изработен од Трговско претпријатие за производство, трговија и услуги Божо Илоски РЕМИС ДООЕЛ Охрид, регистрирано за вршење дејност во Централен регистар на Република Македонија , со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија издадена од Министерството за транспорт и врски под бр. П. 008/А со важност на истата до 11.02.2016 година;
4. Стручна ревизија на Основниот проект заведена под бр. 18-0122 од 2012 год. од страна на овластени ревиденти од Трговско друштвото за проектирање,изведување и инжинеринг услуги ПРОСТОР-ПРОЕКТ-БРДАРОСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп, регистрирано за вршење дејност во Централен регистар на Република Македонија под ЕМБС 5134315, со Лиценца А за вршење ревизија на проектна документација издадена од Министерството за транспорт и врски под бр. Р. 060/А со важност на истата до 06.06.2018 година;
5. Конзерваторско одобрение за изградба на индивидуална станбена зграда издадено од Министерство за култура Управа за заштита на културното наследство Скопје со УП.Бр. 08-1005 од 03.10. 2011 год.
6. Геодетски елаборат за нумерички податоци изработен од Друштво за геодетски работи ГЕО ПРЕМЕР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Охрид со бр. 06-358/3 од 27.09.2012 год. за градежното земјиште со список на податоци за формирање на градежна парцела.
7. Доказ за регулирани обврски за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште – Договор за уредување на градежното земјиште бр.12-1179/3 од 24.12.2012 год. склучен помеѓу инвеститорот и општина Охрид и Потврда бр.12-1179/4 од 26.12.2012год, дека се регулирани односите согласно наведениот договор.
8. Договор за краткотраен закуп за регулирање на паркирање надвор од градежна парцела, склучен помеѓу инвеститорот и Јавното претпријатие Билјанини Извори Охрид, заведен под број 03-96/2 од 23.02.2012 год.

Во текот на постапката, Министерството за транспорт и врски ги прибави следните согласности и мислења согласно член 59-в од Законот за градење:

1. Мислење бр. 11-12505/2 од 28.12.2012 год. од ЕВН Електростопанство на Македонија АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје дадено по извршен увид во основниот проект дека градбата може да се приклучи на дистрибутивниот систем со условите дадени во мислењето.
2. Мислење бр. 09-1810/2 од 20.12.2012 год од МЈМ ПРОАКВА Р Е Водовод - Охрид дека се исполнети хидротехничките услови за приклучок на објектот на постојната инфраструктура, (водовод, канализација фекална и атмосферска ).

Врз основа на горе изнесеното Министерството за транспорт и врски одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**Упатство за правно средство**: Против ова одобрение странката може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата се поднесува со 200,00 денари административна такса.

Административна такса според тарифен број 88 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси ( Сл. Весник на Р М број 61/04, 95/05 и 6/2010 ) во износ од 3.500,00 ден е наплатена.

Изработил :
Советник Иванка Дуковска дипл.инж.арх.

Контролирале:
Раководител на одделение:
Љупчо Димитровски, дипл. инж. арх.

Помошник раководител на сектор :
Марица Тасева, дипл. инж. арх.

Одобрил:
По овластување на Министерот
Димитар Димовски

МИНИСТЕР,
Миле Јанакиески

Доставено до :
- Инвеститорот х 2
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
- Градоначалникот на општина Охрид
- Архива х 2




-исечок од „google map" каде се гледа датумот на фотографијата од јуни 2015




-содржина на информативната табла за градилиште

УП Бр.08-149
01.03.2023 година
Скопје

До:
**НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид**
**Адреса: ул.„Боро Шаин" бр.10**
**6000.Охрид**

Предмет: Доставување Дозвола
Врска: Ваш број: 03-235/6 од 27.02.2023 година

Во прилог ви доставуваме Дозвола за заштитни археолошки истражувања на КП 15927 и КП 15953, КО Охрид 3, Охрид .

***в.д Директор,/u.d.Drejtor***

**Аријан Асланај/Arijan Asllanaj**

*Изработил :Н.Браими*
*Одобрил: м-р Б.Јовановска*

УП бр. 08-149
01. 03.. 2023 година
Скопје

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура, врз основа на член 55 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16) и , и член 87 од Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ" бр. 124/15), по барање на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид со акт бр. 03-235/6 од 27.02 2023 година, издава :

## ДОЗВОЛА

### за археолошки истражувања

I. На НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид- Охрид, се дозволува да врши заштитни археолошки истражувања на локацијата, КП 15927, и КП 15953 КО Охрид 3, Охрид ;
II. Истражувачките работи ќе се одвиваат во: КП 15927, и КП 15953 КО Охрид 3. Со оглед на тоа што на ова катастарска парцела не се вршени археолошки истражувања целта на ова истражување е да се утврди и документира хоризонталната и вертикалната стратиграфија на просторот бидејќи се очекуваат појави од периодот на средниот век, раното христијанство и римската доминација на овие простори ;
III. Работите ќе се изведуваат во период од 06. 03.2023 год. до 31.05.20223год;
IV. Работите ќе се изведуваат под раководство на стручниот раководител на археолошките истражувања: Бојан Таневски, виш кустос, археолог, со стручен тим во состав: м-р Драган Танески, археолог, кустос, Анатоли Арнаудоски, виш кустос археолог, Татјана Стојоска Видовска виш кустос, археолог и Климент Балев, стручен соработник, препаратор за метал;
V. Носителот на Дозволата и стручниот раководител, должни се да ги почитуваат и исполнуваат обврските определени со член 59 од Законот за заштита на културното наследство, одредбите од Правилникот за археолошки истражувања („Сл. весник на Република Македонија" бр.111/05) и да ја известат Управата за сите промени по однос на оваа Дозвола;


Управа за заштита на
културнотонаследство
Directorate for protection
of cultural heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

VI. Жалбата не го одлага извршувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид- поднесе Барање за издавање Дозвола за заштитни археолошки истражувања на КП 15927, и КП 15953 КО Охрид 3, Охрид со бр. 03-235/6 од 27.02 2023 година, наведувајќи дека ги исполнува условите пропишани со Законот за заштита на културното наследство.

Во прилог на Барањето, како доказ дека се исполнети пропишаните услови за издавање на Дозволата во смисла на членот 58 од Законот за заштита на културното наследство и членот 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наледство, странката достави:

1. Доказ дека може да биде носител на Дозвола во смисла на членот 56 од Законот за заштита на културното наследство од Основен суд Битола, Срег 73.04 од 04 06 2004 год ;
2. Програма за вршење на заштитни археолошки истражувања со мерки на заштита на наоѓалиштето и наодите на КП 15927, и КП 15953 КО Охрид 3, Охрид со акт бр.09-235/4 од 24.02.2023 година;
3. Список на стручните лица кои учествуваат во истражувањата;
4. Спецификација на техничките средства за вршење на истражувањата;
5. Доказ за обезбедени финансиски средства за истражување и за спроведување на мерките за заштита се финансирани од страна на инве ститорот: Друштво за производство, трговија и услуги МЕДО-МАК ДОО увоз-извоз Скопје со ЕМБС. 6562566 со Изјава со бр.УЗП 1057/2023 од 27.02.2023 год заверен од Нотар од управителот на горе споменатата компанија Весна Чадо од Скопје со ЕМБГ 1411972455192 со адреса на живеење ул. „Киро Крстевски-Платник“бр.11-1/11,Скопје;
6. Договор за регулирање на права и обврски со бр.УЗП 1057/2023 од 27.02.2023 год склучен помеѓу: Друштво за производство, трговија и услуги МЕДО-МАК ДОО увоз-извоз Скопје со ЕМБС. 6562566 преставувана од управителот Весна Чадо со адреса на живеење ул. „Киро Крстевски-Платник“бр.11-1/11,Скопје и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, преставуван од в.д. Директорот Катерина Велкоска ;
7. Согласност од Весна Чадо од Скопје со ЕМБГ 1411972455192, за да се извршат археолошки истражувања на недвижен имот-градежно земјиште означена како КП бр. 15927, и КП бр. 15953 КО Охрид во сопственост на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДО-МАК ДОО увоз-извоз Скопје со ЕМБС. 6562566 ;

8. Изјава од Весна Чадо од Скопје со ЕМБГ 1411972455192, со адреса на живеење ул.„Киро Крстевски-Платник“ бр.11-1/11,Скопје со бр.УЗП 1057/2023 од 27.02.2023 год заверен од Нотар изјава дека археолошките истражувања се по нејзино барање;
9. Решение за избор во стручно звање за Бојан Танески, вработен во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, со звање кустос, се избира во стручно звање виш кустос со бр. УП1 28-25 од 04.07.2019 год;
10. Доказ за сопственост со Имотен Лист бр. 377 Препис-Катастарска општина: Охрид 3 издаден од Агенција за катастар на недвижности од 15.11.2021 год.

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, постапувајќи како надлежен првостепен орган, оцени дека барањето на странката е основано и дека се исполнети пропишаните законски услови за издавање на Дозволата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на Дозволата.

Во согласност со член 18 точка 30 од Законот за административните такси („Службен весник на Република Македонија” бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01 и 24/03) не се плаќа административна такса за оваа дозвола.

**Правна поука:** Против овој акт може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**в.д. Директор,/ u.d. Drejtor**

***Аријан Асланај/ Arijan Asllanaj***

*Изработил :Н.Браими*
*Одобрил: м-р Б.Јовановска*

д-но до:
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид-Охрид;
- одделение за инспекциски надзор;
- досие;
- архива.